ПРАВИЛНИК
ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ
НА
ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 14.07.2023 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-571/1
14.07 2023 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 94 т.22 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018) и член 72 т.22 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат, на 117-та седница одржана на 14.07.2023 година, го донесе следниот:

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
НА
ПРАВИЛНИК
ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите и критериумите за запишување на Прв циклус академски и стручни студии на единиците на Европски Универзитет Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот).

Член 2

Универзитетот изведува Прв циклус, академски и стручни студии, на една или повеќе научни и стручни дисциплини, за кои тој е основан и акредитиран.

Член 3

Прв циклус на студии се изведува со примена на европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС), кој начелно важи за сите студии на Универзитетот, како целина.

Обемот и структурата на ЕКТС се определува со студиските програми на студиите.

Член 4

Првиот циклус на академски студии (додипломски студии) трае три или четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити.

Со студиската програма за додипломските студии може да биде предвидено изработка на завршна дипломска работа.

Стручните студии траат три години и со нивно завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити.

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Студиските и предметните програми, условите и постапката за организирање на Прв циклус академски, односно стручни студии, правилата за студирање, како и други работи утврдени со Законот за високо образование, се уредуваат со Одлука за организирање на Прв циклус на студии, донесена од Универзитетскиот сенат.

Член 6

Одредбите од Статутот на универзитетот, кои се однесуваат на донесување и утврдување на студиските и предметните програми на Прв циклус академски, односно стручни студии, како и на преминот, правата и должностите на студентите, односно одземањето на дипломата од Прв циклус академски и стручни студии, се пропишани во посебен Правилник.

ЗАПИШУВАЊЕ, ИЗВЕДУВАЊЕ НА СТУДИИ И СТЕКНУВАЊЕ НА НАУЧНИ СТЕПЕНИ

Член 7

На Прв циклус академски и стручни студии, како и на академските и стручни студии од областа на уметностите може да се запише:

- лице кое положило државна матура или меѓународна матура или кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведување на државната матура;
- лице кое завршило академски-додипломски студии или стручни студии од прв циклус кои припаѓаат на нивото VI Б;
- лице кое паралелно студира на сроден факултет, студиска група или насока;
- лице кое има активен статус на студент, со премин од друга високообразовна установа.

Универзитетот, односно единиците во неговиот состав, одлучуваат кои наставни програми за средно образование се соодветни за упис на одделни академски и стручни студии.

Единицата на која што се запишуваат:

- лицата кои завршиле академски-додипломски или стручни студии од прв циклус, кои припаѓаат на нивото VI Б;
- лицата кои паралелно студираат на сродни факултети, студиски групи или насоки и
- лицата кои се активни студенти и преминуваат од една на друга високообразовна установа,

формира комисија која одлучува за компатибилноста на наставните и студиски програми и предметите кои претходно ги положиле кандидатите и определува кои предмети ќе им бидат признаени, а кои диференцијално ќе ги полагаат. Врз основа на тоа, деканот определува во која студиска година ќе бидат запишани кандидатите.

Кандидатите кои имаат завршено тригодишна студиска програма (180 ЕКТС) на прв цикус студии имаат право да се запишат на четиригодишни академски студии (240 ЕКТС) во 4-та година, со претходно полагање на

диференцијални испити согласно студиската програма.

Член 8

Право на упис на Прв циклус академски и стручни студии имаат и лица кои не се државјани на Република Северна Македонија, кои имаат завршено соодветно образование и ги имаат нострифицирано неопходните документи, согласно законската регулатива.

Член 9

Запишувањето на Прв циклус академски и стручни студии се врши врз основ на конкурс, кој го донесува и објавува ректорот, по предходна одлука на Ректорската управа.

Вонредните студенти, покрај условот од претходниот став, треба да имаат засновано работен однос или од оправдани причини, определени со статутот на Универзитетот, да не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Член 10

Одлука за бројот на студенти кои се запишуваат во прва година на Прв циклус академски и стручни студии донесува органот на управување на соодветната единица на Универзитетот, под услови утврдени со закон.

Член 11

Студентите запишани на Прв циклус академски и стручни студии склучуваат договор за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовнииот процес и финансирањето на студиите.

Износот на надоместоците за финансирање на студиите го утврдува Управниот одбор на Универзитетот.

Член 12

Основен критериум за запишување во Прв циклус на академски и стручни студии е општиот успех на кандидатите по сите предмети постигнат во средното образование , кој учествува со најмногу 60 поени.

На општиот успех постигнат во средното образование, како критериум за запишување се додава и успехот од државната матура, кој учествува со најмногу 40 поени.

На студиските програми, каде што бројот на пријавените кандидати во прва година го надминува бројот на студенти утврден со конкурсот, може да се спроведе проверка на компетенциите на кандидатите, како и дополнително тестирање, доколку се појават поголем број кандидати со еднаков број поени по сите основи.

На студиските програми кои се карактеризираат со посебни специфичности (уметностите и други студиски програми утврдени со конкурсот), запишувањето може да се врши со проверка на компетенциите.

Поблиски одредби за условите и критериумите за запишување на студенти во прва година на Прв циклус студии се утврдуваат во конкурсот.

Член 13

Изборот на кандидатите го врши Комисијата за прием, во рок од 5 дена по истекот на рокот за пријавување.

Против одлуката за избор кандидатите имаат право на приговор до органот на управување на соодветната единица на универзитетот, во рок од 1 ден од истакнатото известување.

Против одлуката на органот на управување на единицата на универзитетот, кандидатите имаат право на жалба до ректорот на Универзитетот.

Решението на ректорот на универзитетот е конечно. За одлуката по жалбата кандидатот писмено се известува.

Член 14

Наставата на Прв циклус академски и стручни студии се остварува преку предавања, изработка на стручни трудови, колоквиуми, испити и други наставни облици, форми и постапки.

Наставата може да се спроведува и менторски, со консултации, во зависност од начинот на кој е организиран наставниот процес, редовноста и бројот на запишани студенти (редовни и вонредни).

Член 15

На студентите на Прв циклус студии континуирано се врши проверка на знаењата.

Полагањето испити е регулирано со Правилник за пријавување и спроведување на колоквиуми и испити, вклучително и надлежностите, правата и обврските на наставниците, соработниците, студентите и административно-стручните служби, кои се поврзани со оваа проблематика.

Завршното оценување за редовните студенти се спроведува за сите предмети, предвидени со предметната и студиската програма за соодветните студии, по завршување на предавањата.

Член 16

Завршното оценување го врши предметниот наставник или комисија составена од најмалку 2 наставници, кои се од соодветната област, при што како основа се земаат резултатите од разните видови на континуирана проверка на знаењата.

Завршното оценување се изразува со оценка од 5 (пет) до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Студентот може, во рок од 24 часа по објавувањето на резултатите од оценувањето,да поднесе приговор до раководниот орган на соодветната единица на универзитетот, доколку не е задоволен од оценката или смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Член 17

Начинот на пријавување, изработка и одбрана на дипломските, односно специјалистичките трудови се регулирани со посебен Правилник.

Универзитетот.

Член 17

Начинот на пријавување, изработка и одбрана на дипломските, односно специјалистичките трудови се регулирани со посебен Правилник.

Член 18

Лицето кое завршило додипломските студии на Прв циклус студии се стекнува со назив дипломиран и додавка на соодветната област, ако со закон не е поинаку уредено.

Лицето кое ги завршило стручните студии на Прв циклус студии се стекнува со диплома со додавка на соодветната струка, ако со закон поинаку не е уредено.

Член 19

Промоцијата на лицата кои со успех го завршиле Првиот циклус додипломски, односно стучни студии, ја врши раководниот орган на соодветната единица на универзитетот.

Издавањето, формата и содржината на дипломите е согласно законската регулатива.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 21

За измени и доплонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 22

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател наУниверзитетски сенат:
Редовен професор д-р Енис Реџеп